РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-4185/2
02-02-2022 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 60-та седница одржана на 28.01.2022 година ја донесе следната

*О Д Л У К А*

Пријавата заведена под број 12-4185 од 2020 година, против Проф. д-р ----------------------, декан на ----------------- факултет во ----------------, **СЕ ОТФРЛА.**

ДКСК утврди дека, согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, оцени дека друг орган е надлежен да постапува, а и нема можност да обезбеди дополнителни информации за наводите во пријавата од причина што пријавата е анонимна.

Предметот со број 12-4185 од 2020 година да се затвори и архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

*О б р а з л о ж е н и е*

Од страна на непознат подносител, на ден 09.12.2020 година, поднесена е пријава против лицето Проф. д-р ----------------------, декан на ----------------- факултет во ------------------- и оформен е предмет број 12-4185 од 2020 година.

Во пријавата подносителот наведува дека постојат повеќе елементи за кривична одговорност за дејствија извршени од страна на деканот на факултетот како и неговите блиски соработници.

Најпрво е наведено дека бил донесен Правилник за утврдување и исплата на плати, надоместоци на плати и други примања на вработените на --------------------- факултет во --------------------- од страна на деканот на факултетот, а која надлежност за носење на општи акти на факултетот според Законот за високо образование ја има Наставно -научниот совет.

Во Правилникот во член 19 се уредени функционалните додатоци на плата за извршување на посебно одговорни и управни активности. Во став 3 од истиот член е уредено дека износот на надоместок влегува во основицата за пресметка на даноци и придонеси од плата. Подносителот за ова смета дека е спротивно од законските прописи и

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

дека со тоа одредени категории на вработени се повластени во однос на останатите вработени на факултетот.

Понатаму, наведени се повреди на донесениот Правилник за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на втор циклус студии на Универзитетот ,,-----------------------" каде е во член 60 е определен бројот на кандидати кои изработуваат магистерски трудови во текот на една студиска година, со еден ментор - наставник, на 12 кандидати, а во пријавата е наведено дека преку 90% од менторствата ги имаат 3-4 наставници со што се надминувал утврдениот број на кандидати.

Исто така, во пријавата е наведено и дека на седница на деканската управа на ден 17.11.2020 година била донесена Одлука за исплата на одредени надоместоци на неколку членови, за која одлука останатите наставници не биле информирани, а за која подносителот смета дека е противзаконска.

На крај, во пријавата е наведено и дека во текот на 2018 година била спроведена постапка за јавна набавка на работи за поправка на линија од парно греење, за која подносителот смета дека бил исплатен износ кој не е реален согласно пазарните цени на таквиот вид на работи.

По разгледувањето на предметните наводи, ДКСК констатира дека во пријавата, се изнесени дејствија за кои нема доволно конкретни податоци, а бидејќи пријавата е анонимна не постои можност да бидат појаснети и прецизирани од страна на подносителот.

Од таа причина, а и од причина што за дел од наводите станува збор за прашања поврзани со надлежно постапување на друг надлежен орган, ДКСК предметот ќе го достави на надлежно постапување на Државниот просветен инспекторат на РСМ во рамки на чија надлежност меѓу другите спаѓаат и работите поврзани со примената на законската регулатива во високото образовните и научните установи.

Имајќи го предвид погоре наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Изготвил: м-р К.З. советник
Одобрил: Н.Б, член

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател**
**Билјана Ивановска**